Република Северна Македонија

ЈПВ Лисиче - Велес

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ВОДОСТОПАНСТВО
ЛИСИЧЕ
Бр. 04-351/4
16.06. 2025 год.

Бр. ____ - _____
_____._____.2025год.
ЈПВ Лисиче - Велес
Ул.Вардарска б.б ,
1400 Велес,
Република Северна Македонија
Тел: +389 (0) 43212-442
Факс:+389 (0)43212-441
Email:jpvlisice@gmail.com
web:www.jpvlisice.mk

Врз основа на член 20-г, а в.в. член 6 и член 7 од Закон за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/20 и 208/24), член 22 и 23 од Закон за работни односи(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25 и 74/25), член 37-в и член 37-н од Закон за јавни претпријатија(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24), а во врска со член 2 од Правилникот за унапредување на даватели на јавни услуги усвоен од страна на Управниот одбор на ЈПВ Лисиче-Велес број 01-354/1 од 14.08.2018 година, оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на селекција и интервјуто, како и начинот на нивното бодирање и максималниот број на бодови од постапката за селекција, во зависност од категоријата на работното место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на РМ“ бр. 11/15 и 35/18), и Известување од Министерство за финансии за обезбедени финансиски средства заверено со архивски број 19-2534/2 и 19-2797/2 од 12.05.2025 година, ЈПВ Лисиче-Велес објавува

ИНТЕРЕН ОГЛАС БР. 01/2025

за унапредување на 1 (еден) давател на јавни услуги во ЈПВ Лисиче-Велес

ЈПВ Лисиче-Велес објавува интерен оглас за унапредување на 1 (еден) давател на јавни услуги за следното работно место:

1. КДР 0305 А03 154, Раководител на одделение за електро машински работи ,Одделение за електро машински работи, во Технички сектор -1 (еден) извршител.

Општи услови:
-да е државјанин на Република Македонија,
-активно да го користи македонскиот јазик,
-да е полнолетен,
-да има општа здравствена способност за работното место и
-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Посебни услови:
-Најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен:
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење, преку приложување на потврда и
- други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работни места за соодветното работно место.

Работно искуство и тоа:
- За нивоата А3 најмалку две години работно искуство во струката од кои најмалку една
- година на работно место во јавен сектор, односно најмалку четири години работно искуство од
- кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор.

- познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски) и тоа поседување на меѓународен признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на А1 (А1) нивото на ЦЕФР, односно БУЛАТС, или Аптис, или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 310 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 35 бода или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 10 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ или Гете сертификат.

Потребни општи работни компетенции на напредно ниво:
- учење и развој,
- комуникација,
- остварување резултати,
- работење со други/тимска работа,
- стратешка свест,
- *ориентираност кон странките*,
- раководење,.

Распоред на работното време:
-работни часови во неделата: 40,
-работно време: од 8 ч. до 16 ч.,
-работни денови-понеделник-петок
-паричен износ на основна нето плата: 41 025,00 денари.

На интерниот оглас може да се јави давател на јавни услуги вработен во ЈПВ Лисиче-Велес, кој ги исполнува општите и посебните услови за пополнување на работно место пропишани за соодветното ниво со Законот за административни службеници, Правилникот за систематизација на работните места во ЈПВ Лисиче-Велес и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈПВ Лисиче-Велес, при ова даавтелот на јавни услуги да ги исполнува и следните услови:

-да е оценет со оцена „А“ или „Б“ при последното оценување
-да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамките на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас;
-да поминал најмалку две години на тековното работно место;
-да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Заинтересираниот давател на јавни услуги, поднесува пополнета пријава и докази за податоците содржани во пријавата преку архивата на ЈПВ Лисиче-Велес, освен во хартиена форма, може да биде испратена и електронски на следната адреса: jpvlisice@gmail.com.

Кандидатите кон пријавата можат да ги приложат следниве докази:
-потврди за успешно реализирани обуки и/или
-потврди за успешно реализирано менторство

Рокот за доставување на пријавите изнесува 15 дена сметано од денот на објавувањето на огласот.

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.

НАПОМЕНА: Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата за унапредување се дисквалификува од понатамошна постапка.

ЈПВ Лисиче-Велес
ВД Директор
Ванче Маневски

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ ЛИСИЧЕ ВЕЛЕС

Република Северна Македонија
ЈПВ Лисиче - Велес

ЛИСИЧЕ

ПРИЈАВА
за унапредување на давател на јавни услуги преку
ИНТЕРЕН ОГЛАС

1. Податоци за огласот:
   -Број на интерен оглас _____
   -Назив на работно место за кое се пријавува _____
   _____
2. Лични податоци за кандидатот:
   -Име _____
   -Презиме _____
   -Распореден на работно место _____
   -Восектор/одделение _____
   _____
   -Контакт телефон _____
   -e-mail адреса _____
3. Податоци за исполнување на посебните услови
   -Степен на образование или стекнати кредити _____
   -Вид на образование _____
   -Образовна институција _____
   -Насока _____
   -Податоци за вкупното работно искуство во струката (години и месеци):
   -во јавен сектор _____
   -во приватен сектор _____
4. Податоци за оценување (оцена) во последната година пред објавување на интерниот оглас _____
5. Податоци за изречена дисциплинска мерка една година пред објавувањето на интерниот оглас _____
6. Податоци за звањето на давател на јавни услуги во последните две години пред објавувањето на интерниот оглас _____
7. Потврда/сертификат од обуки _____

Изјавувам под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците наведени во пријавата за унапредување се веродостојни, а доставените докази верни на оригиналот.
Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од понатамошна постапка.

Бр. _____
_____.2025 год.

Давател на јавни услуги
Име и Презиме

_____